# МИСИОНСКИ СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

*Сабота, 7 октомври 2023*

## Целта на евангелските напори

Според апостол Јован, главна причина за проповедање на евангелието на Исус Христос била воспоставување заедништво. Не само луѓето поединечно да се спасуваат, туку да воспостават заедништво со оние кои веќе живеат во заедница со Отецот и Неговиот Син. Исто онака како што постојат Отецот и Синот во заедништво со Црквата што Христос ја основал, така и оние што се придружуваат на Христа стапуваат во заедништво со другите кои веќе се вклучени во тоа заедништво.

Целта на нашите евангелски напори е луѓето да бидат доведени во заедништво. Ако сè што правиме е со намера да ги доведеме луѓето до познавање на спасението и вистината, но притоа пропуштиме да ги вклучиме во заедништвото, сме ја промашиле нашата христијанска мисија. Овде Јован повторно се сложува со Исус и Павле. Црквата не е зграда; Црквата не е вероисповед – Црквата е заедништво. Таа постои со цел луѓето да ги доведе во заедништво. Меѓутоа, тоа не е заедништво на било какви поединци, туку луѓе живеат во заедништво со Отецот и Синот.

Јован нагласил дека вертикалното и хоризонталното заедништво не можат да се одвојат едно од друго. Ако живееме во заедништво со Отецот и Синот, ќе живееме во заедништво еден со друг. Ова е враќање на првобитната замисла за заедништвото во 1. Мојсеева, кога Бог кој живеел во заедништво со Синот и Светиот Дух, го зголемил заедништвото создавајќи ги Адам и Ева со цел да живеат во вечно заедништво со Божеството. Гревот го раскинал тој однос, но сега, преку Исуса Христа, истиот е обновен. Како што Бог ги создал Адам и Ева за да го прошири своето заедништво, така и ние го објавуваме Христа за да го прошириме кругот на тоа заедништво. Проширувањето се одвива преку делото на создавање, а сега се довршува со прифаќање на делото на откупувањето.

Според тоа, заедништвото постои за да се обновува и размножува, односно да создава нови заедништва. Заедништвата кои не се го прават тоа претставуваат пијавици што го исцрпуваат системот. Здравите групи редовно ќе се размножуваат. Малите групи или, пак, црквите – кои постојано не се размножуваат, не се здрави и не го претставуваат моделот на библиско заедништво. Овој принцип е вграден во „ДНК“ што Бог ја ставил во првата група а целта е да излеземе и да се „размножуваме“.

Заедништво со Христа е невозможно без заедништво со другите христијани. Јован нагласил дека, ако одиме во светлина, ќе имаме и заедништво еден со друг и ќе доживееме Христовата крв да нѐ исчисти од секој грев. Според тоа, дури и чистењето од гревот се случува во заедништво. Текстот во 1. Јованово 1,7 кажува дека само ако одиме во светлина и ако живееме во заедништво со другите христијани ќе имаме можност Христовата крв да нѐ исчисти од секаков грев. Само оние што се очистени се примени во заедништво, и само така може да имаме сила бидејќи се чувствуваме одговорни пред заедницата да не ги повторуваме старите гревови.

Меѓутоа, повеќето денешни христијани ги избегнуваат групите кои од своите припадници бараат почитување на одредени правила на однесување, при што ги прогласуваат одговорни ако не ги почитуваат. Ние се срамиме од вистинската слика за нас, така што не сакаме нашите пријатели да видат дека и понатаму сме грешници на кои им е неопходна Христовата благодат која проштава. И токму затоа се криеме зад своите маски и се претвораме во она што не сме. Јовановата изјава стои во остра спротивност со тенденцијата на современите христијани да се кријат. Бог нѐ откупил и нѐ ставил во заедништво на грешници за да можеме да чувствуваме дека сме одговорни едни за други. Не смееме да се осудуваме еден со друг, туку треба меѓусебно да си помагаме во нашата заедничка борба со гревот. Ние не смееме да бидеме сами во таа борба. Токму поради тоа сме вклучени во заедништвото.

*Сабота, 14 октомври 2023*

## Поврзаност на малите групи во црквата

Еден од најважните начини на кој може да се воспостави заедништво во современата Црква е создавање мали групи. Христијаните кои припаѓаат на големи цркви, сепак можат да воспостават заедништво какво што предвидел Христос за својата Црква, се разбира доколку припаѓаат на мали групи. Тие не претставуваат семоќен лек за сите проблеми во црквата. Постојат добри и лоши мали групи. Но, заедништво не може да се воспостави надвор од малите групи. Групите можат да создадат добри и лоши заедници. Адвентистичките цркви треба да им помогнат на луѓето да ги откријат добрите заедници, бидејќи во светот има премногу лоши заедници. Нема никакво сомневање дека луѓето вака или онака ќе живеат во заедница. Тоа е својствено на нашата природа. Меѓутоа, постои голема потреба црквата да стане вистинска грижлива заедница, втемелена на љубовта. Малите групи се најдобра метода да се постигне тоа. Меѓутоа, да се биде во мала група, само по себе не значи остварување на целта, бидејќи можеби токму во вашата мала група не е воспоставено вистинско заедништво. Ние мора да им помогнеме на луѓето да се вклучат во заедницата. Токму затоа на нашите цркви во денешно време им е потребно да создаваат мали групи со цел луѓето во нив да пронајдат вистинско заедништво.

Малата група е идеално место кадешто Исус може да ја исполни својата конечна желба да ги преобрази луѓето. Тој, во прв ред, не ги преобразува поединечно, туку во групи. Заедницата е вистинско место за преобразување. Токму затоа тоа треба да биде место на кое можеме да бидеме отворени и изложени, место каде поединците можат да почувствуваат дека се одговорни за својот живот во Исуса Христа и место каде вистински можат да растат во Него.

Малите групи не само што треба да бидат отворени а верниците во нив зависни едни од други туку мора да живеат во

меѓусебна зависност и со други групи. Како што не постојат христијани во изолација, така ниту малите групи не можат да постојат во изолација. Секоја мала група во оваа област на црквата живее во меѓусебна зависност со останатите групи. Сите припадници на целокупното Христово тело треба да живеат во меѓусебна зависност. Само кога меѓусебната и заемна зависност се признава и поддржува, Црквата може да биде составена од Божји народ кој живее во заедништво. Во Христа не може да постои никаква независност, ниту независни христијани или независни мали групи и месни цркви. Сите ние треба да живееме со својот духовен живот во меѓусебна заемна зависност.

Според тоа, христијанските мали групи не смеат да бидат изолирани од другите мали групи. Тоа е идеалниот план што Бог го има за својата Црква. Овие меѓусебно зависни мали групи не само што си служат една на друга туку, поради заемната зависност, можат да ги употребуваат и средствата на другите групи за да ги задоволат потребите на верниците кои имаат посебни потреби. Ако некој се приклучи на групата во состојба на депресија, групата треба таквата личност да ја препорача на друга мала група која може да ѝ помогне во нејзината состојба. На сите групи им се потребни останатите групи. Меѓутоа над сѐ друго, за да се води вистински здрав живот, во групата мора да постои дух на отвореност и прифаќање, така што верниците ќе можат меѓусебно да ги споделуваат своите радости, таги, борби, пропусти и успеси. Бог нека ни помогне да основаме вакви мали групи во нашата денешна Црква!

*Сабота, 21 октомври 2023*

**Проповедање на еванглието и малите групи**

Малите групи не се единственото средство и единствениот начин за проповедање на евангелието. На пример, Новиот завет јасно го опишува јавното проповедање на Божјето Сло-

во како еден од првенствените начини на кои Црквата растела и ги умножувала своите редови. Меѓутоа, вистинската библиска Црква ќе се стреми сите нејзини активности да бидат насочени кон проповедање на евангелието. Според тоа, малата библиска група мора да биде евангелски ориентирана.

Заедништвото каде верниците се грижат едни за други и меѓусебно си служат само по себе станува средство за евангелизирање. Нехристијаните кои ги гледаат луѓето како живеат во обновено заедништво, и вистински се грижат едни за други, може да посакаат да станат дел од таквата заедница. Таквите заедништва, втемелени на љубов и меѓусебна грижа, имаат привлечна сила како средство за евангелизирање. Луѓето ќе го разгазат патот до вратата на црквата која живее во новозаветно заедништво. Можеби токму тоа била причината за успехот на првата Црква.

Луѓето денес живеат во оштетени заедници и поради тоа посакуваат да се вклучат во вистински христијански заедници. Трагедијата на Црквата во денешно време е во тоа што повеќе потсетува на оштетените заедници во светот отколку на обновеното заедништво што Христос сакал да постои во Неговата Црква. Сепак, токму затоа што Црквата пропуштила да ги научи своите верници на вистинско заедништво, и самата таа станала оштетено заедништво на кое му било потребно исцелување. Кога Црквата повторно ќе почне да живее во заедништво, ќе стане вистинско орудие за евангелизирање на светот. Луѓето не можат да живеат во вистинско новозаветно заедништво а да не бидат евангелски ориентирани.

*Сабота, 28 октомври 2023*

## Јавни евангелизации или мали групи?

Јавното проповедање на евангелието и малите групи меѓусебно не се исклучуваат. Едното му е неопходно на другото. Јавното проповедање на Божјето Слово мора да биде поддржа-

но со малите групи, во спротивно тоа нема да доведе до трајно обратување. Слично на тоа, на малата група и е неопходно јавно проповедање на евангелието за постојано да добива нови обратеници кои ќе ги негува во новиот живот со Христа. Една од трагедиите на современиот адвентизам се состои во тоа што меѓусебно сме ги исклучиле тие две методологии. Не станува збор за едното или другото! Нам ни се потребни јавното проповедање на евангелието и малите групи. Малите групи ги доведуваат луѓето на јавни евангелизации, а јавните евангелизации ги упатуваат луѓето во малите групи на понатамошно усовршување и вклучување во евангелската работа.

Сепак, и самите мали групи треба да бидат место каде се одвива евангелска активност. Малите групи кои се грижат за себеси и кои не се трудат да ги досегнат луѓето околу себе, на крајот ќе умрат. Сите кои мислат само на себе стануваат нефункционални. Кога луѓето припаѓаат на мала група, Светиот Дух им дава полномошно да се активираат и да досегнат други луѓе на кои им е потребна помош, со цел да ги воведат во обновувачката откупителна атмосфера на малите групи.

„Учеништвото секогаш е насочено кон служба и мисија. Во историјата на спасението, Божјиот народ се собирал да се обнови и засили пред да биде пратен во мисија. Малата група е место на собирање за да им помогне на луѓето да почувствуваат проштавање, исцелување, охрабрување, потврда, доверба и храброст. Тоа е подготовка да бидат пратени назад во непријателскиот и отуѓен свет кој треба да го чуе, да го види и да го допре Христовото присуство, кое живо се покажува преку овластените поединци и групи. Исусовиот прв повик: ʼАјде по Мене и ќе ве направам ловци на луѓе (и мажи и жени)!ʻ претставува повик за собирање и заедничко патување, со цел да се оди и да се служи на другите ранети луѓе. На некој начин, секоја собрана група ученици е повикана да излезе и да лови, да бара други на кои им е потребно Христовото присуство во животот“.

Освен тоа, ние видовме дека Исус им заповедал на учениците да одат на евангелска работа двајца по двајца, зашто

службата треба да се извршува во заедништво. И на поединците им е потребна поддршка од групата додека ја извршуваат евангелската задача. Ние не можеме да евангелизираме во изолација, туку само со поддршка од групата. Само заедништвото може да произведе други заедништва.

„Теолошки е погрешно да се мисли дека христијаните индивидуално се собирале, и потоа како поединци оделе да сведочат. Колку би било прекрасно кога би се вклучиле заедно во односот што го воспоставиле со незнабошците и кога би ги вклучиле незнабошците во својот групен живот“.

Новозаветниот модел укажува дека учениците најдобро се развиваат кога се во меѓусебен однос со другите ученици, што покажува дека во идеален случај сите нови верници треба да станат дел од мала група или дека сите мали групи треба да се состојат од верници и неверници. Учеството во мала група треба да се набљудува како дел од еден евангелизациски процес. Веќе не смееме да евангелизираме изолирано, зашто ученици се создаваат во кругот на меѓусебните односи.

Адвентистичките мали групи имаат тенденција да се сосредоточуваат на негувањето на верниците. Тоа не е здраво за групата. Новозаветните групи не ги негувале само своите припадници, туку излегувале во својата околина и придобивале луѓе за Христа. Новозаветната група на заедништво била и евангелска група. Луѓето најдобро се негуваат во процесот на приближување кон другите. Негата не може да се одвои од евангелизацијата, ниту евангелизацијата може на некој начин да се одвои од негувањето. Ако сакаме да ги обликуваме малите групи според примерот на новозаветниот модел, тогаш и нашите мали групи мора да се занимаваат со евангелска работа. Тоа е подрачје кое во нашите редови мора многу подлабоко да се истражи. Неопходно е да откриеме на кој начин малите групи може да ги приближиме до подрачјето на евангелската работа. Групите што се сосредоточуваат само на негување на своите припадници произведуваат слаби религиозни луѓе.

*Сабота, 4 ноември 2023*

## Исчезнување на црквата на малите групи?

При крајот на новозаветната ера, Црквата била втемелена на заедништво. Иако доцна, при крајот на првиот век, апостол Јован изјавува дека тоа е темелот на кој е изградена Црквата. Во текот на следните двесте години Црквата продолжила да живее според парадигмата на куќните цркви. Во текот на тој период Црквата доживеала јасно видлив броен пораст и покрај постојаните прогонства била во добра духовна состојба.

Во текот на тоа време христијанската Црква не градела христијански храмови. Верниците продолжиле да се состануваат во куќи, пештери и катакомби. Црквата не била сосредоточена на градење масивни градби направени од тули и камен. Таа била втемелена на заедничкиот живот на верниците кои се грижеле едни за други, истовремено нудејќи го своето пријателство и на своите ближни, грешниците.

Во третиот век, христијаните за прв пат почнале да градат градби за состанување. Меѓутоа, тие биле доста мали. Следејќи ги ископувањата во палестинските градови, писателот ги набљудувал остатоците на црквите од третиот век. Тие не биле поголеми од обични домови, а во некои помали градови можеле да се сретнат остатоци од два или повеќе такви мали христијански молитвени домови. Очигледно дека верниците не подигале катедрали кога црквите излегле од домовите како првенствено место на собирање. Место тоа, нивните градби биле подигани по примерот домот. Секако, многу христијани продолжиле да се состануваат по домовите. Тие мали, сложени заедништва останале темел на животот во христијанските заедници.

Со обратувањето на Константин во почетокот на четвртиот век, најпрвин христијанството било признато, а подоцна станало и единствена религија во целата Империја. Тоа бил пресврт во процесот на воспоставување институциона-

лизирана Црква и исчезнување на Црквата на малите групи. Промената на парадигмата којашто се случила во четвртиот век, траела цели седумнаесет векови, така што и во денешно време страдаме од отпадот што го вовел Константин. Нашиот денешен пристап на црквата многу повеќе личи на парадигмата на Римската империја во средниот век, отколку на парадигмата на новозаветното христијанство. Ние, како чекатели на второто Христово доаѓање, тврдиме дека нашата теологија е втемелена на Новиот завет отфрлајќи ги ересите што ги вовел Рим, но сепак во нашиот пристап кон Црквата сме го прифатиле вавилонското вино. Во праксата и доктрините ние мора да излеземе од Вавилон. Тоа значи дека треба да излеземе од институционализираната Црква и да се вратиме на Црквата втемелена на меѓусебните односи.

Не поминале ни тристотини години од драматичниот настанок на ова движење на малите групи од историјата на спасението, кога Црквата ненадејно го променила својот облик и карактер. Исчезнала Црквата како заедништво на мали групи а се појавила Црква како формална институционална структура. Ова претставувала најголема промена на парадигмата за вистинската природа на Божјето присуство на Земјата.

Теологот Ајсногл пишува: „Наместо конгрегацијата да биде мала група од кои ќе се состои црквата во тоа место, сфаќањето се променило така што таа опфаќала сè што е во рамките на Империјата. Конгрегацијата станала Црква, а Црквата станала Империја“.

Институционализираната Црква цветала во најголемиот дел на средниот век, па дури и во времето на реформацијата. Реформираните цркви само го копирале римскиот пристап на црквата. Верништвото во Црквите на Лутер и Цвингли било исто како и граѓаните во државата. Обредите и церемониите на институционализираната Црква ги извршувале професионални свештеници. Анабаптистите во текот на периодот на реформацијата биле единствена Црква која се одвоила од државата. Тие ја одбиле заштитата на државата од страв дека кога еднаш ќе се поврзе со Црквата, таа ќе ги

расипе и Црквата и државата. Црквата што ја основале била изложена на прогонство. За неа не постоело сигурно место. И како последица на тоа, Црквата попримила облик на заедница за поткрепа, така што верниците се собирале по домовите и пештерите. Само на тој начин таа била во состојба да го преживее страшното прогонство на кое била изложена.

Историјата нѐ учи дека единствен начин Црквата да го преживее времето на прогонство е нејзините верници да станат дел од мали групи за поддршка кои меѓусебно ќе соработуваат. Како адвентисти, ние веруваме дека во последното време повторно ќе настане време на прогонство. Ако сакаме да го преживееме тоа критично време, мора уште сега да формираме мали групи втемелени на меѓусебните односи. Ако не ги основаме сега, како ќе го направиме тоа во тешките денови што доаѓаат?

*Сабота, 11 ноември 2023*

**Митодистичкото движење и малите групи?**

Џон Весли ја започнал својата служба во осумнаесеттиот век. Неговото проповедање привлекувало големо мноштво што ја прифатило верата во Исуса Христа. Весли не бил единствениот кој ги водел луѓето да стекнат обновено искуство со Исуса Христа. Еден од неговите современици бил Џонатан Едвардс, огнен калвинистички проповедник кој со своите проповеди довел илјадници луѓе во верата. Меѓутоа, постоела голема разлика меѓу Едвардс и Весли. Едвардс упатувал повици, а потоа ги препуштал обратените сами за себе да се грижат, додека Весли ги организирал своите обратеници во одделенија или мали групи. Последица на ваквата работа била што плодовите од работата на Весли останале, додека многу од обратениците на Едвардс се враќале назад во светот.

Карактеристика на Весли било движењето на малите групи кое било поврзано со неговото проповедање на евангели-

ето. Токму тоа направило методизмот да стане единствена појава меѓу Црквите што настанале по реформацијата. Според тоа, проучувањето на состаноците во одделенијата во раниот методизам било мошне битно за разбирање на првиот вистински обид во времето по реформацијата да се изгради Црква на мали групи.

Весли нудел два вида искуства со малите групи: одделенија и оркестри. Оркестрите биле прашање на избор; одделенијата биле барани како одговорност од сите што сакале да останат верници. Последица на тоа било воспоставување на постојан систем на пастирска грижа.

„Секоја група се состоела од десет до дванаесет верници од исто подрачје, кои еднаш седмично се состанувале по еден час или подолго“.

„Водачите биле верници-лаици, некои биле мажи, но повеќето биле од женски род, избрани поради својот висок морален лик, духовен карактер и здрав разум“.

Интересно е да се забележи дека повеќето водачи на раното методистичко движење биле жени. Тоа е особено значајно да се сфати, бидејќи најголемата месна црква во денешно време – Црквата на проповедникот Пол Дејвид Чо во Сеул, во Кореја – е организирана по системот на мали групи кои во најголем дел се водени токму од жените. Очигледно, кога се во прашање малите групи, тие извршуваат подобра работа од мажите. Можеби еден од проблемите за постигнување успех со малите групи во нашата Црква е токму фактот што повеќе поставувавме мажи отколку жени како водачи на групите.

Како изгледале состаноците на одделението во раниот методизам? Во тие први денови, не сте можеле да бидете верник на методистичката Црква доколку истовремено не сте биле член и редовно не сте ги посетувале состаноците на одделението или на малата група. Изостаноците од редовните состаноци на одделението претставувало доволна причина за исклучување од Црквата. Весли толку цврсто верувал во тие одделенски состаноци што ги поставил како услов за при-

падност на Црквата. Денес ние би помислиле дека таквото барање е претерано. Меѓутоа, откриваме дека токму тоа ја сочинувало новозаветната Црква. Зошто? Затоа што луѓето не може да бидат христијани доколку пропуштат да живеат во заедништво со другите христијани, додека малите групи, втемелени на меѓусебно заедништво, претставувале идеално место за создавање и зацврстување на заедништвото.

На состанокот на одделението во раниот методизам акцентот не бил ставен на доктрината, туку на учeништвото. Глобалната намера на овие состаноци била луѓето да станат одговорни за својот живот во Христа. Весли бил доволно мудар да го сфати библиското начело дека христијаните не можат да растат изолирани од заедништвото каде имаат свои одговорности. Тој ги образувал тие одделенија со цел неговите обратеници да можат да растат до полна духовна зрелост. Акцентот јасно бил ставен на меѓусебните односи а целта била ученштвото. Тоа не биле само мали групи каде луѓето го проучувале Светото Писмо; нивна првенствена намера била да градат меѓусебни односи. Тоа не биле просветни состаноци за стекнување знаење, туку состаноци за воспоставување добри меѓучовечки односи.

Важно е да се нагласи дека во времето кога се појавувал адвентизмот, методистичките одделенски состаноци биле во процес на опаѓање, за конечно да бидат заменети со молитвени состаноци. Сепак, методизмот што го обликувал мислењето на првите пионери адвентисти, а посебно Елена Г. Вајт, се однесувал на одделенските состаноци, каде се развивале јасно одредени меѓучовечки односи и свест за меѓусебна одговорност за животот на верниците пред Христа. Следната сабота ќе го разгледуваме развојот на раниот адвентизам со слични методи за развивање на свеста за меѓусебната одговорност на верниците во Христа.

*Сабота, 18 ноември 2023*

## Пионерите на адвентизмот и општествените состаноци (1)

Адвентистите на седмиот ден се појавиле во средината на деветнаесеттиот век, токму во времето кога методистичките одделенски состаноци биле заменети со молитвени состаноци. Пред тоа, од сите методисти се барало да учествуваат во седмичните одделенски состаноци, кои се одржувале во домовите, на кои верниците чувствувале дека се меѓусебно одговорни во поглед на нивниот живот пред Христа. Сега молитвените состаноци, кои вообичаено се одржувале по завршетокот на проповедта на редовното богослужение, се појавиле како начин да се постигне истата цел.

Изгледа дека првите адвентисти, поради своите методистички корени, ја позајмиле идејата за друштвените состаноци од методистичките молитвени состаноци кои се појавиле како замена на поранешните традиционални одделенски состаноци. Повеќето рани адвентистички друштвени состаноци се одржувале по проповедта на богослужението со што верниците имале прилика да го изразат своето лично мислење за проповедта што била одржана и за одлуките на кои биле повикани.

Оваа замисла се применувала и при евангелските состаноци. Меѓутоа, многупати, наместо по проповедта на богослужението, друштвените состаноци се одржувале и во друго време. Според тоа, изгледало дека адвентистичкиот модел бил комбинација од одделенски состаноци на раните методистички молитвени состаноци одржувани по редовното богослужение.

Изгледа дека адвентистите го позајмиле она што е најдобро – друштвените состаноци се одржувале на сличен начин со методистичките молитвени состаноци откако преминале од одделенски во молитвени состаноци. И додека тие состаноци продолжиле да исчезнуваат од праксата на мето-

дистите, станале мошне истакната карактеристика на раниот адвентизам кој многу брзо се ширел во светот.

Кога некој ги прелистува првите изданија на службениот црковен весник, Адвент Ривју енд Сабат Хералд (Advent Rewiev and Sabbath Herald), станува очигледно дека друштвените состаноци биле сметани за редовен дел на црковниот живот на повеќето адвентисти. Всушност, изгледа дека на првите адвентисти тие состаноци им биле поважни од проповедта на богослужението. Често се случувало проповедањето да изостане, но друштвените состаноци не смееле да бидат занемарени.

Јасно е дека тие први друштвени состаноци биле наменети за развивање на меѓусебните односи меѓу верниците. Имало многу малку проучување на Библијата. Верниците не го занемарувале групното проучување на Библијата, но го одржувале по друштвените состаноци кога можеле да разменуваат мисли за својот живот во Христа. Овој пристап овозможил пионерите да бидат силни во своето разбирање на Библијата како и во меѓусебните христијански односи. Меѓутоа, нашите современи методи, придонесле да добиеме верници кои не се силни во проучувањето на Библијата и во меѓусебните христијански односи.

Друштвените состаноци биле одржувани во облик на сведоштва, кога верниците меѓусебно си зборувале за своите борби и победи во христијанскиот живот, кога ја преземале меѓусебната духовна одговорност пред Христа. Урија Смит (Urija Smith), долгогодишен уредник на црковниот службен весник, вака ги опишал друштвените состаноци на првите адвентисти:

„Состанокот беше карактеристичен поради своите продуховени и охрабрувачки сведоштва, блескави очи, гласови на благодарност, сериозни и возбудливи повици, не ретко и солзи – кои биле глетки кои повторно ја разгорувале верата и љубовта“.

Врз основа на следните цитати многу брзо може да се сфати духот на тие први адвентистички друштвени состаноци:

„Друштвените состаноци беа обележани со голема и свечена сериозност. Верниците со солзи ги признаваа своите гревови, настануваше општа покајничка понизност пред Бога, посветени молитви за проштавање и подготвеност за средба со Господа при Неговото доаѓање. Понизните Господови ученици не го бараа залудно Неговото лице. Пред да се заврши состанокот, стотици, со солзи во очите, посведочија дека го барале Господа и дека го нашле и дека ја почувствувале прекрасната радост поради простените гревови".

„Ако имале што да кажат на друштвените состаноци, освен постојаното повторуваната формула: 'Сакам да бидам христијанин, така што ќе можам да се спасам!', зборувале единствено за минатите искуства и радоста што ја имале кога за првпат поверувале. Не знаеле ништо за радоста на животот во Господа, за чекорењето со Него преку верата, така што оно што би им зборувал за ова, тоа им изгледало непознато" (J.N. Loughborough, Miracles im my Life, 88).

„Вечерта по првиот ден се собравме на друштвен состанок за да кршиме леб. Владееше дух на ревност за црквата и некои што беа врзани со дух на неверство беа ослободени и исполнети со мир, радост, надеж и вера. Тоа беше прекрасен состанок" (James White, Advent Review and Sabbath Herald, вол 4, бр, 15, 236).

Овие изјави се типични за мнозина кои опишуваат што се случувало на адвентистичките друштвени состаноци. Сосема е јасно дека тоа било време кога луѓето меѓусебно ги разменувале своите искуства за животот во Исуса. Слободно ги изнесувале своите сведоштва. Гревовите биле признавани а проштавањето радосно понудувано. Изгледа дека на тие состаноци владеела отвореност, која во нашето индивидуализирано општество едвај може да биде замислена. Луѓето отворено ги изнесувале своите надежи и соништа, но и своите проблеми и борби. Ова заедничко разменување и длабокото христијанско искуство, а не доктриналните вистини, претставувале витален дел на раниот адвентизам.

*Сабота, 25 ноември 2023*

## Адвентистичките пионери и општествените состаноци (2)

Во сите овие описи на адвентистичките друштвени состаноци недостасувал еден елемент: никој не го споменува проучувањето на Библијата. Ова изоставување зачудува земајќи го во предвид силното адвентистичко нагласување на проучувањето на Библијата и потребата на пионерите да ја проучуваат и објавуваат вистината што ја научиле. Тоа сигурно било намерно направено, бидејќи во сите други прилики адвентистите ја проучувале Библијата. Очигледо е дека друштвените состаноци не биле замислени како време за проучување на Библијата; тие во потполност биле наменети за зацврстување на меѓусебните односи. Тие ги опфаќале сите елементи што ние денес им ги припишуваме на активностите на малите групи, иако првите адвентисти ги употребувале за активностите на големите и малите групи. Важно е да се истакне дека овие состаноци се одржувале исклучиво поради зацврстување на меѓусебните односи и за да се зацврсти свеста за меѓусебната заемна одговорност на верниците пред Христа.

Друштвените состаноци биле највиталниот дел од животот на раните адвентисти, така што многу често тоа биле единствените религиозни состаноци на кои присуствувале. Првите месни цркви немале редовни проповедници. Сите месни цркви биле поучени да се грижат за самите себе; проповедниците првенствено основале нови цркви, одржувале евангелизации и организирале нови групи верници. Само повремено проповедниците одржувале по некоја проповед. Повеќето проповеди, наменети за верниците, се одржувале на годишните состаноци под шатори, но и овде главно имале евангелско-мисионски карактер.

Првиот адвентистички модел на Црквата покажува длабоки сличности со првата христијанска Црква. Како и раното христијанство, адвентизмот бил движење за основање нови цркви. Сите негови сили и средства биле посветени за оства-

рување на оваа цел. Средствата од десетокот биле давани во областите за да се користат како поткрепа на проповедниците што основале нови цркви. Токму на овој начин се развил системот според кој областа го плаќала проповедникот, наместо тоа да го прави месната црква. Бидејќи месните цркви немале постојани проповедници, целиот десеток се испраќал да ги поддржи проповедниците што основале нови цркви како и оние кои оделе во нови полиња за да одржуваат евангелизации. Организираните месни цркви немале никаква потреба од проповедник – тие самите го одржувале својот христијански живот, исто како што правеле првите христијански цркви. Тоа не бил случаен развој на настаните во рамките на адвентизмот, туку јасна и намерна стратегија втемелена на учењето на Новиот завет.

На кој начин првите адвентисти меѓусебно се храбреле во верата, без постојано присуство на проповедник во нивната средина? Поединечно и заеднички ја проучувале Библијата и го читале списанието Ривју енд Хералд кое било службен весник на Црквата. Меѓутоа, секогаш кога се состанувале, одржувале општествени состаноци. Понекогаш имале саботна школа, но веднаш потоа наместо проповед следувале општествени состаноци. Преку нив првите адвентисти го засилувале својот религиозен живот.

*Сабота, 2 декември 2023*

## Работа во нови места

Кога биле организирани нови цркви, старешините на првите Цркви повеќе се занимавале со меѓусебните односи на верниците отколку со нивното доктринално познавање. Тоа можеби ќе ги зачуди современите адвентисти, но ова е јасно откриено во списите на историчарот на првата адвентистичка Црква Ј. Н. Лофбороу (J. N. Loughborough). Во следната изјава, Лофбороу го опишува темелот на кој треба да бидат организирани адвентистичките месни цркви:

„Кога во нови места се образува нова група верници што ја прифатиле вистината, ние не препорачуваме непосредно формирање месна црква. Во такви случаи, нека се постави водач (најдобро е тоа да го направи евангелизаторот кој сака да основа нова црква) и друштвените состаноци нека продолжат сѐ до времето кога поединците темелно ќе се запознаат едни со други и кога ќе установат со кого треба да воспоставуат заедништво и кој се оспособил за важните должности кој треба да ги врши како служител на месната црква. Што се однесува до посебниот начин на организирање на месните цркви, кога за тоа ќе настапи време, ќе ни биде дозволено да се послужиме со искуството на неколку проповедници кои веќе го прифатиле овој план и сведочат дека резултатите се мошне добри".

Очигледно дека тоа бил план за организирање месни цркви кој се применувал во текот на целиот деветнаесетти па дури и во почетокот на дваесеттиот век. Овде повторно ги гледаме друштвените состаноци како првенствено средство со кое се служеле адвентистичките верници за да ги одржуваат своите редовни религиозни служби. Пред да биде организирана месната црква, мошне важно било верниците добро да се запознаат еден со друг преку воспоставување меѓусебни односи, а начинот преку кој требало да се постигне оваа цел во времето на раниот адвентизам, според Ј. Н. Лофбороу, било одржување на друштвени состаноци.

Она што не изненадува е фактот што старешините не сметале дека е битно сите нови верници да ги прифатат сите доктринални вистини и да продолжат да ги држат. Вистината им била важна на првите адвентисти, но исто толку било важно и основањето на месните цркви да се темели на добрите меѓусебни односи на верниците. Доколку верниците не би можеле меѓусебно да се сложат, доколку не успеале да воспостават добри меѓусебни односи, и покрај тоа што верувале во вистината, не им била давана можност да се организираат како месна црква. Создавањето нова месна црква подразбирало постоење црква втемелена на добри меѓучовечки односи. Из-

гледа дека нашите пионери многу повеќе биле окупирани со меѓусебните односи во црквата отколку ние денес. Нивната вера била новозаветна, која барала од верниците во црквата да воспостават добри меѓусебни односи.

*Сабота, 9 декември 2023*

**Цркви без проповедник**

Дали може да ги замислите верниците во црквата како зборуваат дека им е подобро без проповедник отколку со него? Дури и самите проповедници сфатиле дека се пречка со тоа што застануваат зад проповедалната секоја сабота наутро. Саботното утро во првите адвентистички месни цркви не било наменето за проповедање туку за сведочење и фалење на Бога.

Дали може да се запрашаме што би се случило со денешните цркви кога би одржувале друштвени состаноци наместо проповед? Првите адвентистички проповедници неопходно требало да работат на задобивање нови верници при што искусните верници немале потреба некој друг да им проповеда. Друштвените состаноци со своите сведоштва, молитви, песни и зборови на заемно храбрење биле многу поуспешни во одржувањето на нивната вера од проповедите на најдобрите проповедници што ги имала Црквата во Батл Крик.

Друштвените состаноци не биле одржувани само на ниво на месна црква, туку таа практика била витален дел и на другите адвентистички собири, па дури и заседанијата на Генералната конференција. Дневниот распоред во тие дамнешни времиња откриваат дека друштвените состаноци биле вклучени како дел од редовните работни богослужбени активности. Дури и за време на тие големи собири друштвените состаноци биле неопходни. На верниците им било потребно да добијат време ослободено од работите и теологијата за да го поврзат својот живот со Христа. За да им овозможат на

верниците повеќе да сведочат за време на големите собири, тој најчесто според етничка припадност бил поделен на повеќе мали групи.

Ова кратко истражување на активностите на пионерите и друштвените состаноци открива дека друштвените состаноци биле сметани за витална потреба на првите адвентисти. Тие биле средство со кое верниците го одржувале и надополнувале својот духовен живот во отсуство на проповедниците од месната црква. Врз основа на пронајдените докази изгледа потполно јасно, дека раните адвентисти исто како за доктрината биле заинтересирани и за меѓусебното заедништво. Иако јасните доктрини биле проповедани во кругот на евангелизициите, на обратените веднаш им е давана поука со помош на друштвените состаноци да се поврзат во меѓусебни христијански односи. Првите адвентисти одржувале прекрасна рамнотежа помеѓу заедништвото и интелектуалното спознание, додека современите адвентисти изгледа даваат предност на интелектуалното, а го занемаруваат заедништвото. Можеби сега е време за помалку проповеди, а многу повеќе заедништво. Малите групи се совршено средство современите адвентисти повторно да ги откријат своите корени и да ги урамнотежат односите меѓу релационите и когнитивните служби.

*Сабота, 16 декември 2023*

**Елена Вајт и друштвените состаноци**

Веројатно никој во своите списи не се занимавал толку со друштвените состаноци како Елена Г. Вајт. Не само што учествувала на многу такви состаноци туку напишала и многу совети како успешно да се организираат и водат. Скоро триста текстови во нејзините списи за друштвените состаноци ни даваат доста јасна слика за животот на првите адвентисти и Црквата на адвентистите на седмиот ден.

Елена Г. Вајт потврдила многу изјави кажани од другите пионери и писатели во врска со друштвените состаноци, но нејзините описи се многу подлабоки и даваат многу појасен увид. Освен тоа, пророчките визии на Елена Г. Вајт на ваквите описи им даваат дополнителна сила. За неа друштвените состаноци првенствено биле состаноци за сведочење, на кои се изнесувале кратки сведоштва за духовниот развој. За тоа зборуваат и следните извадоци од нејзините списи во кои се опишуваат друштвените состаноци:

„Потоа одржавме друштвен состанок. Беа изнесени многу сведоштва и беа дадени многу признавања со солзи. Тоа беше корисен состанок“.

„Друштвениот состанок во пет часот наутро беше најдобриот што го имавме. Браќата на колена ги признаваа своите гревови пред другите; имаше проштевање, покајнички срца, солзи и радост. Кога се заврши состанокот ние очекуваме да видиме многу повеќе од Божјето спасение“.

Според ова искуство јасно е дека друштвените состаноци биле многу повеќе од сведочење. Тоа било време кога се признавале престапите и гревовите. Луѓето се чувствувале меѓусебно блиски за да зборуваат за своите проблеми, но и за грешките што ги правеле на штета на другите верници во црквата. Сосема е јасно дека Светиот Дух бил најважниот двигател на тие признавања и дека контекстот на друштвениот состанок му дозволувал на Светиот Дух да се покаже во поголема мера отколку на богослужбите на кои се одржувале проповеди. Во денешно време на крајот на секоја проповед ние се обидуваме да упатиме повик. Во тие денови, самиот друштвен состанок бил повик во кој сакале сите да учествуваат и да одговорат на повикот на Светиот Дух кој го поттикнувал нивното срце.

Очигледно е дека раниот адвентизам бил во состојба да поттикне дух на отвореност, така што луѓето се чувствувале слободни да разговараат за своите проблеми и грешки. Повремено, Елена Г. Вајт јавно зборувала за грешките на верниците што и биле покажани во визија. Тоа никогаш не се слу-

чувало за да се изрече осуда, туку да им се помогне на верниците да се пресметаат со гревот во својот живот. Очигледно, верниците се чувствувале сигурно, знаејќи дека отвореноста поврзана со гревот во нивниот живот ќе им помогне да бидат одговорни пред Бога и пред луѓето со цел да ја постигнат посакуваната победа.

Друштвените состаноци им биле толку важни на раните адвентисти така што Елена Г. Вајт, кога патувала за Европа во 1885-1887 год., открила дека Европјаните не организираат вакви состаноци и затоа веднаш почнала кај нив да го воведува овој обичај.

„Тоа претпладне зборував кога старешината Конради каже дека никогаш до сега не одржувале друштвени состаноци. Му одговорив дека сега е време да се воведе тој обичај. Имавме многу добар друштвен состанок. Состанокот започна во десет, а не заврши сè до еден часот попладне".

„Иако друштвените состаноци за нив беа нешто ново, тие учеа во Христовата школа и со страв и трепет го прифаќаа проученото. Им кажав дека друштвените состаноци се најдобрите и поради тоа мора да учат и да се образуваат со цел да бидат Христови сведоци".

Елена Г. Вајт сметала дека друштените состаноци се животно важни за духовниот живот на Црквата. Таа не можела да ја замисли црквата без вакви состаноци. Ширењето на Црквата, во чија изградба самата учествувала, секогаш било поврзано со одржување друштвени состаноци. Меѓутоа, овие состаноци значеле многу повеќе од признавање на грешките – тоа било време кога верниците меѓусебно зборувале за своите жалости, радости и за својот живот во Христа. Тоа го правеле за свое лично охрабрување, но и за охрабрување на другите.

*Сабота, 23 декември 2023*

## Елена Вајт за малите групи

Некои предложиле одделенијата на саботната школа да се претворат во мали групи. Меѓутоа, ако тие станат релациони, тогаш ќе го изгубиме когнитивниот елемент. Тоа не може да го направиме – зашто ќе станат наурамнотежени но во спротивна насока. На Црквата и е потребна рамнотежа меѓу когнитивниот и релационииот елемент. Според тоа, нам ни се потребни два вида групи: релациони мали групи и мали групи за проучување на Библијата.

Елена Г. Вајт ретко го употребувала терминот „мала група". Очигледно тоа не бил вообичаен термин во нејзино време. Меѓутоа, таа навистина зборува за една ваква замисла. Таа ги нарекува „мали чети", но како што веќе видовме, значењето е исто. Што има таа да ни каже за тие „мали чети"? Нејзиниот најпознат текст гласи вака:

„Формирањето мали чети како основа на христијанските напори ми го претстави Оној што не може да погреши. Ако има многу верници во црквата, тие треба да се поделат во мали чети, кои ќе работат не само за верниците во црквата туку и за оние кои не веруваат. Доколку во некое место постојат само двајца или тројца што ја познаваат вистината, нека се здружат во работничка чета. Својата врска на единство треба да ја чуваат нераскината, нека продолжат понатаму во љубов и единство, храбрејќи се еден со друг да одат напред, а ќе стекнуваат храброст и сила преку помошта што ќе ја добиваат од другите. Нека се поднесуваат и нека бидат трпеливи како што бил Христос, не изговарајќи ниту еден непромислен збор, служејќи се со талентот на говорот за да се изградуваат еден со друг во најсветата вера. Нека работат со Христова љубов за оние што се надвор од стадото, заборавајќи на себе во своето настојување да им помогнат на другите. И додека работат и се молат во Христово име, нивниот број ќе се зголеми, зашто Спасителот рекол: 'Ако двајца од вас се согласат на земјата да мо-

лат за нешто, што и да било, ќе им биде дадено од Мојот Отец небесен.‘ (Матеј 18,19)“

Вие може да ги прелистувате најновите книги за малите групи и никаде нема да најдете подобра дефиниција за малите групи од оваа што ја дала Елена Г. Вајт. Таа изјавува дека замислата црквата да се подели на мали групи ѝ ја дал Оној што не може да погреши. Тоа е божествена потврда на замислата за малите групи. Ништо не би можело да биде појасно од оваа јасна поддршка што Елена Г. Вајт ѝ ја дала на службата на малите групи. Потоа таа продолжува да дефинира што треба да се случува во малите групи и додава дека тие треба да се занимаваат со евангелизирање, молење, проучување на Библијата, меѓусебно охрабрување и грижа, но над сѐ со воспоставување заедништво.

Овој цитат треба да ја отстрани секоја одбивност што адвентистите може да ја имаат кон службата на малите групи. Елена Г. Вајт навистина не можела појасно да се изрази. Црквата на адвентистите на седмиот ден треба да биде втемелена на службата на малите групи. Ниту еден кој се противи на оваа идеја не постапува во согласност со Библијата и Духот на пророштвото. Вообичаено таквото однесување го нарекуваме „ерес“. Големите месни цркви треба да се поделат во мали групи. Ако има само двајца или тројца верници во црквата, треба да формираат мала група. Фактот што Елена Г. Вајт препорачува мали групи дури и за двајца или тројца верници, укажува дека целта не е само да се формираат помали единици, туку со нив да се воспостави меѓусебно заедништво.

Кога црквата е организирана како служба на мали групи, веќе не ѝ е потребно свештено лице т.е. проповедник кој ќе ја контролира. Бидејќи верниците се грижат едни за други, проповедниците се слободни да се свртат кон нови луѓе со цел да основаат нови цркви. Малите групи создаваат темел за постојана грижа и нега, која е далеку подобра од грижата на проповедникот. Доколку најнапред не се вратиме на моделот на мали групи во Црквата, не ќе биде ни возможно да се вратиме на Црквата на првиот век и на парадигмата на раниот адвентизам. Забележете ги овие мисли на Елена Г. Вајт:

„Божјето дело треба да се извршува на овој начин и во овој Дух. На разни места малите чети треба да се посветат на Бога со телото, душата и духот, со вера да се фатат за Божјиот престол и ревно да работат, чувајќи ја својата душа во Божјата љубов. Животодавната струја на оваа љубов ќе се почувствува во добрите дела на луѓето и ќе биде препознаено дека доаѓа од Небото. Тие мали чети, составени од оние што ја познаваат вистината, треба едногласно да побараат од своите проповедници да појдат по изгубените овци на Израелевиот дом. Секој, поединец треба да се труди да работи за другите. Ниеден меѓу оние што ја вкусиле Божјата добрина, милост и љубов не може да биде изоставен од работата за спасување на душите на ближните“.

*Сабота, 30 декември 2023*

**Враќање на библискиот модел**

Адвентистите на седмиот ден тврдат дека претставуваат библиско движење, цврсто втемелено на Божјата реч, како основа за целокупната наша вера и обичаи. Така кажува и нашето прво основно верување. Како тогаш може Црквата на адвентистите на седмиот ден да постои како институционална Црква наместо како Црква на мали групи? За да биде библиска, Црквата мора да се сосредоточи на малите групи.

Црквата не смее да биде организирана како корпорација. Таа не смее да има една личност на врвот како заповедник. Таа мора да биде поделена на мали групи во кои старешинството е распределено и во кои верниците се ополномоштени да работат. Хиерархиската структура што ја имаме денес во месната црква со проповедникот на чело треба да се промени во „кружен“ план на организација. Проповедникот ќе постои, но како еднаков меѓу еднаквите. Всушност, на многу помали организации нема воопшто да им биде потребен проповедник. Место него, како во првата христијанска Црква и

во првата адвентистичка Црква, верниците ќе бидат научени да ја одржуваат својата духовност без помош на свештено лице. Свештените лица, проповедниците ќе бидат слободни да ја извршуваат задачата што Бог им ја доделил, имено, да го проповедаат евангелието и да основаат нови месни цркви.

Библискиот модел што го разгледавме не укажува на тоа дека треба да ги додадеме малите групи како уште една програма во веќе пренатрупаната агенда на црквата. Многу цркви се обиделе да го направат тоа, но без успех. Кога тоа се прави на таков начин, малите групи се популарни некое време, но брзо изумираат, бидејќи не се сметаат за организационо начело на кое треба да биде втемелена целата Црква. Други се обидувале да додаваат мали групи, бидејќи тоа е најнова мода. Меѓутоа, пред да започне службата на малите групи, во Црквата мора да настанат две промени.

Прво, треба повторно свесно да се открие мисијата на Црквата. Сѐ додека е Црквата свртена кон самата себе, ќе се развиваат само групи за негување на верниците. Црквата треба во себе да ја стекне љубовта кон загубените и да почувствува силна желба да допре до нив. Таа мора да чувствува голема одговорност кон многубројните изгубени луѓе во својата околина кои ќе заминат во гроб без Христа и ќе умрат без надеж.

Друго, мора да се обнови верата во службата на верниците – лаици. Црквата мора повторно да ја открие вистината дека сите верници се проповедници и дека обучениот проповедник е само тренер и учител на верниците – лаици за извршување на нивната служба. Службата на сите верници како проповедници мора да се согледа и во Црквата и во светот. Црквата мора да се посвети на напорот да развие модел на служба на верниците каде проповедникот обучува, а верниците евангелизираат и се грижат едни за други.

Кога овие две точки ќе се зацврстат, Црквата ќе биде подготвена за службата на малите групи.

ГРАДИВО 4/2023
Мисионски стихови

Излегува тримесечно

Издава:
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

Подготовка:
Мелита Томовска

Одговара:
Томе Трајков

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА